ОПШТИНА ВИНИЦА

Ул : Бел Камен - 13, 2310 Виница, Р. Македонија
Тел/Факс :++389 (0) 33 361 - 945 ; Е-Маил: ovinica@mt.net.mk ,www.opstinavinica.gov.mk

ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И ОДБРАНА ОД ПОПЛАВИ НА ОПШТИНА ВИНИЦА

Виница, јануари 2014

Република Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
Бр.10-120
26.02.2014 год.
В и н и ц а

До
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен Инспекторат за животна средина
Бул. Гоце Делчев бр.8
1000 С К О П Ј Е

ВРСКА: Записник од извршен инспекциски надзор бр.13-10681 од 22.11.2013 год.

ПРЕДМЕТ: **Информација за постапување по записник**

Ве информираме дека согласно задачите дадени во записникот, Општина Виница изготви „Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на општина Виница“ од јануари 2014 година, и истиот го достави на увид и усвојување до Секторот за води во Вашето министерство под наш бр.10-119 од 26.02.2014 година.

Со почит,

Подготвил:
Љупчо Георгиев

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
дипл.екк. Емил Дончев

Република Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
Бр.10-119
26.02.2014 год.
В и н и ц а

До
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
-Сектор за води-
Бул. Гоце Делчев бр.8
1000 С К О П Ј Е

ПРЕДМЕТ: **Доставување на „Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Виница“**

Општина Виница го изготви Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави на својата територија, и го доставува до Вас на увид и усвојување.

Со почит,

ПРИЛОГ: - Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Виница, јануари 2014 год.

Подготвил:
Љупчо Георгиев

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
дипл.екк. Емил Дончев

I. ВОВЕД.

Цел на овој оперативен план за заштита и одбрана од поплави на општина Виница, е да се изработи една квалитативна и квантитативна анализа за можните опасности во општина Виница настанати од поплави, а истовремено и предвидување на последиците предизвикани од нив.

За ваквите природни непогоди, ЕЛС Виница е должна целосно да превземе конкретни мерки и активности за заштита на населението, земјоделските и шумските растенија, животните и производите од животинско потекло.

.

I .ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Географска локација

Општина Виница се наоѓа во источниот дел на Македонија. Поширокото подрачје на општината Виница го зафаќа југо-источниот дел од Виничко-Кочанската котлина и се наоѓа помеѓу планините Обозна и Голак и планината Плачковица. Го зафаќа средишниот дел од коритото на реката Брегалница, која тече низ долината. Просторната и географската локација на општината е многу поволна.

Општина Виница зафаќа површина од 443 км2, а се простира на надморска висина од 360 м до 1.754 м.

Општината е составена од 15 административни единици: Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Виничка Кршла, Лески, Градец, Грљани, Драгобраште, Трсино, Лаки, Црн Камен, Пекљани, Блатец и Липец .

Виница има поволна географска положба и добра сообраќајна поврзаност со околните градови. Така, таа е оддалечена 44 км од Берово, од Пехчево - 44 км, од Кочани - 10 км, од Штип - 40 км, источниот дел на Превалец е оддалечен 19 км од Македонска Каменица, потоа од Делчево - 42 км, а од Скопје Виница е оддалечена 120 км. Меѓународниот пат до Бугарија поминува низ Виница и Делчево, а преку Кочани, Штип и Велес излегува на автопатот Скопје - Гевгелија.

Општина Виница од најблиската железничка станица е оддалечена 10 км (Кочани) а од аеродромот " Александар Велики " кој се наоѓа во Скопје е на оддалеченост од 123 км.

103

Климатски услови

Според географската положба, Виница и Виничко се изложени на комбинирано влијание на субмедитеранската и источно-континенталната клима. Виничко - Кочанската Котлина е заштитена од директното влијание на северните воздушни маси со планинскиот масив Осогово. Од директните јужни влијанија е заштитена од планинскиот масив Плачковица.

Просечната годишна температура изнесува околу 12,9^{0}C, а просечната летна температура изнесува 22,5^{0}C. Континенталните климатски влијанија овде се изразуваат и преку појавите на ниски температури во зимските месеци. Просечната годишна минимална температура изнесува 6,3^{0}C, додека минималната температура достигнала и до 25,4^{0}C под нулата. Тоа било на 26 Јануари 1954 г. Релативно ниските температури во

зимските месеци се резултат на спуштањето на студени воздушни маси од Плачковица. Плачковица е покриена со снег во текот на целата зима, а понекогаш и во доцна пролет. Во топлиот дел на годината во овој предел се јавуваат доста екстремно високи температури на воздухот. Просечната годишна максимална температура изнесува 18,6^{0}C, додека апсолутниот максимум на температурата изнесува 41,2^{0}C, забележана на 6 јули 1988 г. Просечно годишно се јавуваат 119 летни и 52 тропски денови.
Температурата на почвата се зголемува од јануари до јули, само на длабочина од 10 см, а потоа паѓа како се придвижуваме кон декември.

Најниската вредност на температурата на почвата е 1,8^{0}C и тоа во јануари, а највисока е во јули и изнесува 26,5^{0}C.

На територијата на општина Виница, околу 90% од врнежите паѓаат во вид на дожд, а останатите 10% во вид на снег или понекогаш во вид на град.
Просечните врнежи изнесуваат 538 мм годишно. Просечниот сончев период иснесува 2.222 часа годишно или 6 часа дневно. Максимумот е во јуни (просечно 302 часа), додека минимумот е во декември (просечно 89 часа).

Просечната облачност изнесува 5,1 десетина. Најоблачен месец е јануари, со просечна месечна вредност од 6,7 десетини, а најмала во август, просечно 2,9 десетини. Просечната годишна релативна влажност на воздухот изнесува 71%. А таа се зголемува по декември.

Ветровите се, исто така, честа појава во Виничко. Најмногу е застапен југозападниот ветер, со просечна брзина од 2,5 м/сек. и максимална брзина од 16 м/сек. Втор по зачестеност е североисточниот ветер, со просечна брзина од 2,4 м/сек и максимална брзина од 16 м/сек.

II .ПРИРОДНИ РЕСУРСИ

Био-Географски карактеристики

Општината Виница е поделена од една абразивна тераса на висина од 440 м. Овие плодни алувијални тераси создаваат поволни услови за добро земјоделие, особено за одгледување на високо доходовни култури: ориз, тутун, зеленчук, овошје и винова лоза.

Животинскиот свет (фауна) во Виничка општина е претставен од фазани, еребици, потполошки, грабливци, орли, стрчки, диви гулаби, штркови и др., како и со дивеч: диви свињи, срни, елени, лисици, волци, зајаци, куни, диви мачки и др.

Геолошка структура и тектоника

Поголемиот дел од територијата на Виничко и градот Виница настанале по истекувањето на езерото од котлината, со извесни модификации направени од Градечка и Виничка Река. Геолошката подлога ја сочинуваат две формации, едната е песокливо - чакална, а другата е формација од зелени шкрилци. Иако геолошкиот состав на земјиштето е разновиден, тој во основа ги содржи основните елементи карактеристични за Виница и Виничко.

Релјеф

Топографски, градот Виница лежи на просторот каде се спојуваат долината (долниот дел) и ридот (ридскиот дел) на некогашната езерска рамнина. Езерото постоело во Виничко-Кочанската Котлина.

Планинскиот релјеф во општината е претставен преку планините Плачковица, Обозна и Голак. Тие се богати со пасишта и шуми, особено листопадни, но се слабо населени и се неразвиени.Планините Обозна и Голак се протегаат во источниот дел од Виничката општина. Ридестиот релјеф, кој е дел од нив, го сочинува теренот од 500 - 1.000 м.

Рамничарскиот релјеф на општината го сочинува терен со надморска височина од 360 - 450 м. и е претставен од Виничко - Кочанската Котлина.

Метални и неметални суровини

Општина Виница располага со голем број минерали (метали и неметали), поврзани со карпи од различна старост и генеза. Распространети се прекамбриските, палеозоиските, мезозоиските и кенозоиските камења, како и интрузивните камења (гранитите). Подетално се испитани кварцитите, фелдспатите, глините (каолинските, огноотпорните, игларските), кварцните песоци, карбонатите (лапорците), азбестот, вермикулитот и железото.

Особено треба да се нагласи дека од голем интерес е појавата на магнетитското железо во околината на с.Трсино, Максимци и с.Пекљани. Исто така, големо значење имаат кварцитите на подрачјето на с. Црн Камен.

Кварцните жици, распространети среде гранитите во областа на планините Плачковица и Голак, имаат посебна употребливост во стакларската и металургиската индустрија.

Кварцните песоци на подрачјето на Софино и Пекљани, како и лапорците од истиот регион се со голема распространетост и дебелина.

Општината располага со големи количини цигларски глини, во околината на Виница (Лески), како и со огноотпорни глини (каолинизирани) во околината на с.Крушево (Пешковица) и Максимовци.

Во општината има и појава на пегматити со фелдспат. Тоа го има, главно, во околината на с.Пекљани, но тие појави се незначителни и претставуваат минералошки процес.

Пасишта и шуми

Иако зафаќа помала географска ширина и должина, општина Виница располага со разновиден и богат растителен и животински свет (флора и фауна). Тие меѓусебно се надополнуваат, бидејќи постоењето на одредени растителни заедници е поврзано со постоење на одреден животински свет.

Релјефот е особено важен за економскиот развој на општина Виница. Богатата плодна почва овозможува одгледување на доходовни култури, како: ориз, пченица (зрна), пченка, но и на помали количини од хортикултурни и прехранбени житарици. Повисоките предели се користат како ливади и лозја.

Ридските предели се богати со пасишта и шуми, кои го помагаат развојот на шумарството и фармерството. Масивот на планината Плачковица, на југ, и масивот на планината Голак, на исток, нудат висок потенцијал и можности за одгледување на добиток. Познатиот пазар на добиток потекнува токму од овој предел.

Планината Плачковица е богата со шуми. Ситните шуми од леска, габер и багрем, распространети над Виница и Блатец, се заменуваат со високиот кат на бука, и тоа како најмногу застапена, но и на даб и јасика до 1.600 м надморска височина. Над овој појас се

простира катот на четинарите претставени, пред се, од црниот бор. Исто така, постои и малку бел бор, ела и смрека.

Поволната клима, која доминира во Виничкиот регион, овозможува одгледување на разни земјоделски житарици, како и на овошки и винова лоза.

Специфична карактеристика на градот Виница е комплексот тополови насади подигнати од месното население. На планините Плачковица и Обозна се распространети пасишта, кои се од големо значење за развојот на фармерството. Тие ги зафаќаат слободните простори на буковиот појас.

Ливадите се наоѓаат главно покрај речните текови, во рамничарските делови. Ридските пасишта се наоѓаат на големи пространства во дабовиот појас. Овие пасишта можат да се користат во текот на целата година.

Во близината на градот се наоѓа обработливо земјиште. Во западниот и северозападниот дел од градот се присутни ливадите и овоштарниците. На тој дел се наоѓаат и голем број ореви и тополи, кои достигнуваат висина и до 25 м.

Земјиштето на падините и планините ја има следната структура:

- шума - 21.732 ха
- пасишта - 11.894 ха
- обработлива површина - 9.341 ха

Земјиштето во рамните предели ја има следната структура:

- обработлива површина - 9.341 ха
- необработлива површина - 270 ха (*тука се вклучени и пределите со изградени објекти*)

Овие податоци даваат информации дека општина Виница има 50,22% шуми, 27% пасишта, 21,6% обработлива површина и 0,68% необработлива површина. Овој предел е главно покриен со шумски дрвја, како што се дабот, буката и борот. А, дрвјата главно се користат за огрев и изработка на мебел.

Што се однесува до сопственоста, 80% од шумите се во државна и 12% се во приватна сопственост, а 84% од пасиштата се во државна и 16% се во приватна сопственост. Од обработливите површини, 82% ги поседуваат приватници, а 18% државата.

На обработливите површини, главно, се одгледуваат следните житарици: пченица, пченка и ориз. Овоштарниците, виновите лози, ливадите и домашните градини се скоро подеднакво процентуално застапени, што е помалку од процентот на пределите каде се одгледуваат житарици.

Предел од 445 ха од Виничкиот регион е предвиден за деловни и станбени згради согласно Генералниот Урбанистички План.

Традиционално, Виничката општина е позната по своето земјоделие, особено во одгледувањето ориз, тутун, зеленчук, овошје и цвеќе. Поголемиот дел од обработливите површини е плоден.

Хидро потенцијали

Хидрографијата на општина Виница ја сочинуваат: речната мрежа, вештачката акумулација, како и природните извори, меѓу кои и минералните.

Брегалница е најголемата река во општината, која поминува северно од градот на оддалеченост од 3,5 км. Извира од Малешевските Планини, на надморска височина од 1.720 м., со вкупна должина од 225 км и среден проток на водата при утоката од 28 м/сек. Реката Брегалница припаѓа на Егејскиот слив и е лева притока на реката Вардар. Нејзините притоки, како Ткајанец и Боров Дол, од десната страна и Црнокаменски Дол, Црвенец и Кадински (Оџов) дол од левата страна, се оскудни со вода, а во летните периоди можат и сосема да пресушат.

Треба да се истакне дека со воспоставување на структурата на реката Брегалница и со градбата на браната „Калиманци", се акумулираат 110 милиони метри кубни вода. Со водата од браната се наводнува Кочанско, Виничко и Овче Поле. Браната зафаќа површина од 4,23 км^2, има должина од 14 км, ширина од 0,3 км и длабочина преку 80 м.

Во Виничко Поле, Брегалница има неколку притоки од левата страна. Се разбира, Осојница е најголема река. Потоа, доаѓа Виничка Река и Градечка Река. Осојница извира на 1.300 м височина и е долга околу 30 км. Нејзини главни притоки се Блатешница и Липечка Река, од левата страна и Сушица, Пеклашница и Драгобрашка Река, од десната страна. Левите притоки извираат од пределите на Плачковица, богати со врнежи. Десните притоки на Осојница извираат од предели со пониска надморска височина и се посиромашни со вода, особено во летниот период. Во тој период се случува и да пресушат. Водите на реката Осојница и нејзините притоки служат за наводнување на полињата, особено со тутун , ориз и пченка. Од протечните
води на Осојница, Градечка Рака и Виничка Река се наводнуваат 210 ха плодна земја. Вкупно се наводнуваат 1.140 ха.

Треба да се истакне дека општина Виница е богата со геотермички односно термо-минерални води. Според хемиските анализи геотермичките води содржат сода, натриум и јагленохидрати, а хипер-термичката вода е богата со сулфур, хидроген и железо.
Водата од изворот во близината на с.Истибања има капацитет од 5 л/сек или приближно 432.000 л/ден и е со температура од 68^{0}С. Хемискиот состав на водата јасно укажува на нејзините лековити својства. Но, и покрај се, геотермичките води не се целосно искористени. До сега, користени се само за затоплување на оранжериите во кои се одгледува зеленчук и цвеќе.

Водата претставува огромно богатство. Некогаш имало и бања, чие постоење е засведочено преку податоци од турско време. Но, по еден силен земјотрес во почетокот на XX век, водата се изгубила. Благодарение на современиот начин на дупчење на земјата, во 1982 г. водата повторно е изведена на површината. Топлата минерална вода е од големо значење за општина Виница, особено за с.Истибања. Покрај тоа што оваа вода се користи за затоплување при оранжериско производство на раноградинарски култури и цвеќе, во иднина се очекува таа да се користи и за развивање на бањскиот туризам со изградба на современа бања.

Во самата алувијална рамнина има и подземни води кои населението, со копање на бунари и поставување на пумпи, ги користи за индивидуални потреби.
Здравата и чиста планинска вода се користи за пиење и наводнување на полјоделските површини преку изградената каналска мрежа. Големо значење водите имаат и за сточниот фонд. Во реките се среќава разновиден речен свет (особено риба). За побрз натамошен развој на општина Виница се планираат помали акумулациони објекти на Виничка Река и Градечка Река, и поголем зафат на реката Осојница.

III . ДЕМОГРАФИЈА

Според податоците од пописот општина Виница има население од 19.938 жители, од кои околу 11.000 живеат во градот Виница. Првите целосни резултати за бројот на населението во Виница се добиени со пописот на населението во 1948 год. Овој попис, но и наредните, се до последниот од 2002 год. го покажува зголемувањето на бројот на населението, кое најмногу расте во самиот град Виница, и се движи од 2.568 во 1948 г. до 11.000 во 2002 година.

Исто така се зголемува и вкупниот број на население, па така од 13.658 жители во 1948 год. денес изнесува 19.938 жители.

Табела 1: Преглед на прираст на наеление според населени места во општината според Државен завод за статистика

НАСЕЛЕНО МЕСТО	1971	1981	1991	1994	2002
Виница	5.993	8.494	10.424	9.971	10863
Виничка Кршла	378	212	138	119	99
Градец	1.132	1.245	1.191	1.175	1245
Грљани	595	501	335	326	206
Драгобраште	722	623	490	469	392
Истибања	1.242	1.446	1.489	1.418	1476
Јакимово	562	722	986	928	1.101
Калиманци	731	535	350	311	239
Крушево	222	196	170	142	121
Лаки	712	560	425	397	314
Лески	349	429	506	489	579
Пекљани	464	495	610	459	432
Трсино	692	659	704	749	730
Црн Камен	211	173	117	105	107
Липец	622	527	475	472	430
Блатец	1.813	1.740	1.663	1.553	1.594
ВКУПНО	**14.445**	**18.557**	**20.071**	**19.081**	**19.938**

Табела 2: Преглед на население според возрасна и полова структура евидентирана со пописот на население од 2002 година

Пол	До 4 год.	5 - 15 год.	15-65год.	Над 65 год.	Вкупно
Мажи	588	1440	7254	917	10199
Жени	553	1405	6654	1127	9739
Вкупно	**1141**	**2845**	**13908**	**2044**	**19938**



Домаќинства	Станови	Вкупно население
6260	6655	19938

Табела 3: Вкупно население во општината според националното изјаснување , според пописот на населени во РМ од 2002 година

Македонци	Турци	Роми	Власи	Срби	Друго
18261	272	1230	121	32	22



IV . Комунална и сообраќајна инфраструктура и карактеристики на градбата

Во најголемиот дел од населбите на територијатата е застапена ниска градба на објектите, со исклучок на стабената зона во Виница и некои поединечни објекти.Со исклучок на новите објекти и градби кои се прават со рам конструкција и бетон, стартие објекти се градени најчесто со бондрук и бетон и употреба на дрво и непечена тула и камен , што ги прави лесно запаливи , во случај на пожар.

Улиците се најчесто тесни и тешко проодни за поголеми возила и механизација, со исклучок на Виница (освен стариот дел од градот) . што ги прави населбите лесно рушливи и улиците лесно закрчливи , со појава на рушевини и пожари , оштетутвање на електрични инсталации ПТТ и други инсталации

Водоснабдувањето на населбите е решено скоро во сите населени места со изградба на водоводи со зафаќање на приридни извори , копање на бунари (Јакимово , Истибања и Виница) и зафаќање на речна вода за пиење со прочистување во филтер станица .Канализационата мрежа за спроевдување на отпадните води и фекалии е изградено во Виница и Јакимови , Истибања ,Блатец и дел во населеното место Градец .

Општина Виница има поволна географска положба и добра сообраќајна поврзаност со околните градови. Таа е оддалечена 44км од Берово, 44км од Пехчево, 10км од Кочани, 40км од Штип, источниот дел на Превалец е оддалечен 19км од Македонска Каменица, од Делчево 42км, а од Скопје Виница е оддалечена 130км. Меѓународниот пат до Бугарија поминува низ Виница и Делчево, а преку Кочани Штип и Велес излегува на автопатот Скопје - Гевгелија.

Сите населени места од општината се поврзани со асфалтни патишта

V .СТОПАНСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Во поглед на локалниот економски потенцијал и расположивите стопански капацитети, Општина Виница се вбројува во категориите на општини во развој. Имено, поволната сообраќајна местоположба, квалитетот и структурата на економските капацитети, реалниот потенцијал за индустриски прогрес, високостручната и квалификувана работна сила се објективни индикатори и компоненти кои упатуваат на развојните стратегии на општината. Во овој момент најразвиени значајни стопански гранки се: текстилната, дрвната индустрија, индустријата за градежните материјали и за производството на мебел, како и прехрамбената индустрија.

VI . ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВИНИЦА ОД ПОПЛАВИ И УРИВАЊЕ НА ВИСОКИ БРАНИ

Загрозеност од поплави

Територијата на општина Виница е испресечена со неколку реки, помали потоци и порои. Најголем дел од нив извираат од планината Плачковица, а од страна на Осоговските планини нема некои поголеми реки, освен порои кои се јавуваат при обилни врнежи од дожд.

Најзначајна и најголема река е **Брегалница** во која се вливаат сите други реки, со должина на оваа територија од околу 16 км. На Река Брегалница во атарот на с.Калимаци е изградена акумулацијата "Калиманци" (земјана брана) на која е изградена и хидроцентрала со јачина од 12,9 МВ. Низводно, непосредно над с.Истибања е изграден бетонски зафат на кој се надоврзува хидромелиоративен систем со лев и десен канал за наводнување. До изградбата на браната, Брегалница во зимските и пролетните месеци вршеше поплавување на површините покрај речното корито , но со изградбата на браната вакви опасности веќе не постојат. Единствен случај за можност за поплави е ако дојде до рушење на бранта, па во таков случај од поплавениот бран кој е доста висок се до Истибања загрозени се: Истибања, сепарацијата на песок на ПЕЛАГОНИЈА ИМАКО, РОМЕРО , МАКПРОГЕРС. Во Истибања е инсталирана електрична сирена од системот за тревожење на МО –ООВиница , како превентивна мерка во случај на опасност од поплава и е планирана евакуација на населението .

Реката Осојница во зимските месеци и рана пролет кога има обилни врнежи од дожд или топење на снегот во Плачковица го достигнува својот максимален водостој и е можно само поплавување на незначајни површини во Блатечко и Липечко поле, како и во Јакимовско и Виничко поле, но не е можно нанесување на поголеми штети или човечки загуби.

Градечка река при исклучителен висок водостој ако до истиот дојде може да загрози само неколку објекти покрај реката во с.Градец и површините низводно до

Виница, а од таму реката е регулирана и бреговите пошумени, така да нема можности за некои поголеми поплави.

Виничка река, освен извесни поплавувања на површини до Виница, други можности за поплавувања нема, од причини што коритото е регулирано, се до устието во Осојница.

Другите реки од територијата (Пекљанска, Блатешница, Сушица, Драгобрашка река поради големината и малото сливно подрачје, исто така не претствуваат опасност од поплави по луѓето и материјалните добра.

Од изнесеното се заклучува дека условите и можностите за појава на поплави и загрозување на луѓето и материјалните добра нема, освен во случај на рушење на браната во услови на војна или при земјотрес.

Загрозеност од поплави при уривање на високи брани

На територијата што ја зафаќа општина Виница единствена висока брана е "Калиманци", а постојат уште две помали акумулации (земјени брани) во атарот на Блатец во непосредна близина на селото.

Браната Калиманци како висока брана, една од најголемите во Републиката, во случај на нејзино излевање или рушење претставува опасност по населбите и објектите низводно од браната, а тие се :

- населбата Истибања со 1418 жители кои живеат во 403 домаќинства и 403 станови, 196 грла крупен добиток, 2320 грла ситен добиток, 1870 грла живина, 300 кошници со пчели, обработливи површини, земјоделска механизација и други возила и машини ;
- сепарацијата за песок на Пелагонија Имако ;
- ТОНДАХ ;
- МАКПРОГРЕС ;
- Обработливо земјиште покрај реката ;
- Дел од магистралниот пат Кочани – Каменица – Делчево – граница со мостовите ;
- Мостот на патот Виница - Кочани .

На браната постои набљудувачка служба, а во Истибања и ТОДНАХ има инсталирани сирени за тревожење од системот за тревожење на ОО Виница.

Планирана е евакуација на населението од Истибања според документите од евакуациајта како мерка за заштита и спасување.

VII . МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Евакуација

Евакуацијата се планира, организира и спроведува во услови кога на територијата за која се проценува дека може да биде зафатена од природни непогоди и други несреќи, односно територијата на која веќе има појава на природни непогоди и други несреќи, со другите мерки за заштита и спасување не може да се обезбеди соодветен степен на заштита на луѓето и материјалните добра .

Имајќи ја предвид загрозеноста на општината од природни и други несреќи, видот и карактерот на опасностите, како и последиците кои може да бидат предизвикани во тие услови, се наметнува потребата од планирање, организирање и спроведување на евакуација на населението и тоа пред се на следните категории на граѓани :

- Бремени жени и мајки со деца до 17 години
- Деца и ученици до 14 години
- Инвалиди, стари , болни и изнемоштени лица

Врз основа на погоре изнесеното, се проценува дека во општина Виница на евакуација подлежат околу 230 , од кои :

- Бремени жени и деца до 7 години (200)
- Инвалиди , стари , болни и изнемоштени лица (30)

Евакуацијата начелно треба да се планира од населени места и подрачја кои може да бидат изложени на РХБ деконтаминација, техничко – технолошки акциденти, подрачја кои се наоѓаат во зафатот на поплавните бранови, низводно од високите брани на хидроакумулациите, како и од подрачјата загорзени од природни непогоди од поголеми размери, како што се поплавите .

За прифат на евакуираното население се предвидуваат населени места, туристички населби, викенд населби и истите треба да овозможат нормално одвивање на животот на евакуираните лица и задоволување на нивните основни потреби .
За таа цел теба да се планираат :

- Објекти за сместување – индивидуални стамбени објекти, домови, училишта, хотели, мотели и други видови објекти .
- Правците на движење на евакуираните лица и сообраќајната инфраструктура
- Здравствени установи
- Водоснабдувањето
- Обезбедувањето на исхрана
- Продолжување на образовниот процес

- Мерките за безбедност
- Превозните средства за транспорт на евакуираните

Конкретните податоци за вкупниот број на населението, како и за категориите на граѓани кои подлежат на евакуација ќе бидат утврдени со плановите за заштита и спасување, при што детално ќе бидат обработени сите прашања во однос на планирањето, организирањето, спроведувањето на евакуацијата и прифатот на евакуираните лица, особено за определување на населените места во кои се врши евакуација и во кои се врши прифат на евакуираното население, потребата за уредување на реоните и објектите предвидени за прифат на евакуираното население, утврдување на видот и начинот на превоз, ангажирањето на органите на државната управа, трговските друштва, јавните установи и службите и други субјекти во евакуацијата и прифатот на населението.

За успешно извршување на евакуацијата потребно е да се ангажираат сите надлежни субјекти од различни области и тоа подрачните органи на :

- Министерство за транспорт и врски
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Министерство за здравство
- Министерство за образование инаука
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за внатрешни работи
- Црвен Крст
- Биро за стокови резерви
- Комуналните служби, транспортните претпријатија и претпријатијата за снабдување
- Хуманитарни и невладни организации

Засолнување

Врз основа на геостратегиската положба на општината, може да се констатира потреба од планирање и организирање на засолнување на дел од населението во општината, што налага потреба од изградба на засолништа односно планирање и организирање на засолнување како заштитна мерка .

Од извршените анализи на теренот, бројот на населението и бројот и видот на објектите за живеење, како и загрозеноста на територијата, се дојде до заклучок дека вкупните потреби на засолнишни места во градот изнесуваат 7916 од кои досега се изградени 1327 засолнишни места а за останатите да се планира изградба или адаптација на постоечките подрумски простории во објектите. Опремувањето на

изградените засолништа не е на потребо ниво односно во сите фази досега изградени засолништа опремувањето е од првата фаза е завршено, опремувањето од втората фаза е недоволно и ја има само во едно засолниште, а опремувањето со опрема од трета фаза е вршено само во две засолништа .

Јавни засолништа во општината не се градени ниту се планирани поради финасиски причини.

Згрижување на настраданото население

Со оглед на фактот дека територијата на општина Виница е загрозена од различни видови природни непогоди и други несреќи кои може да предизвикаат сериозни последици врз населението, се наметнува потребата од преземање на мерки и активности за згрижување на загорзеното настраданот население, што подразбира обезбедување на основни услови за живот на загрозените и настраданите.

Во општина Виница има голем број на објекти во приватна употреба, особено во урбаните средини (хотели, училишта, домови и слично) кои може да се искористат за сместување, исхрана и здравствено згрижување на загрозеното и настраданото население и истите со сите релевантни показатели треба да бидат евидентирани и на соодветен начин обработени во планските документи на сите носители на планирање .

Поплавите покрај директните последици врз населението и материјалните добра во голема мера го нарушуваат нормалното одвивање на живот и заради тоа во планирањето, подготвувањето и спроведувањето на мерките во однос на згрижување на загрозените и настраданите (обезбедување на квалитетна вода за пиење и употреба , здравствена заштита, спречување на појава на заразни болести и епидемии, социјална заштита и слично), значајно место и улога имаат органите и институциите на републиката во општината согласно нивните надлежности и делокруг на работа, особено:

- Министерство за здравство
- Завод за здравствена заштита
- Министерство за образование и наука
- Министерство за труд и социјална политика
- Црвен Крст
- Локана самоуправа
- Угостителски објекти во приватна сопственост и други

Во процесот на планирање, односно изготвување на планските документи , потребно е :

- Да се процени можниот број на загрозено и настрадано население, како и на другите последици кои може да бидат предизвикани
- Да се утврдат подрачјата и реоните каде во зависност од видот на природната непогода би имало најголем број загрозени инастрадани
- Да се определат реоните за прифат на загрозеното и настраданото население
- Да се разработи начинот на нивно пронаогање и давање прва медицинска помош
- Да се определат објектите за смесување
- Да се дефинира начинот на обезбедување на исхрана и другите потреби на загрозените и настраданите .

Бројот на загрозени и настарадани лица за кои е потребно да се изврши згрижување зависи од видот и обемот поплавата и заради тоа проценувањето треба да се врши посебно за секоја непогода.

Условите за спроведување на згрижувањето ќе бидат неповолни заради недоволните капацитети за сместување, недостаок на храна и вода за пиење и употреба, несоодветни хигиенски услови и слично, посебно опасност во такви услови претставува можноста од појава на заразни заболувања и заради тоа треба да се спроведува континуирана конторла на примероци од храната и водата.

VIII . ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Поплавите на територијата на општина Виница во последно време често се појавуваат, а најголеми последици предизвивкуваат излевањата на водите од коритата при што настануваат големи штети во земјоделието, водостопанството, стамбените и стопанските објекти, патниот, ПТТ сообраќај, општествените дејности и друга инфраструктура. Особено е изразена опасноста од поплави низводно од високите брани на езерата и хидроакумулациите, кои со оглед на количината на водите зафатот и висината на поплавениот бран, конфигурацијата на теренот и слично, може да предизвика разорни последици .

Во општина Виница не постои целосно изграден систем за заштита и спасување од поплави (целосна регулација на водотеците и реките, изграденост на одбрамбени насипи , целосно уредени порои, планови за заштита и спасување во сите подрачја и региони) и како резултат на ваквата состојба водостопанските објекти во општината недоволно и несоодветно се одржуваат, што претставува голема пречка за ефикасноста при превземањето на активностите и мерките за заштита и спасување од настанатите поплави .

Со цел елиминирање или намалување на опасностите од појава на поплави , како и успешно справување со последиците кои може да бидат предизвикани со настанување на евентулни поплави, потребно е да се преземат превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување, од страна на сите субјекти кои имаат

одредени надлежности на планот на заштита од поплави и тоа како во редовни услови на појава на поплави како природна непогода.

Превентивните и оперативните мерки за заштита од поплави опфаќаат цела низа активности и тоа :

- Редовно и навремено чистење на речните корита и каналите на хидромелиоративниот систем
- Изградба на заштитни појаси на речните корита, особено на места евидентирани чести излевања на водите
- Континуирано одржување на каналите од хидромелиоративнито состем (примарана , секундарна и терцијална каналска мрежа) во исправна состојба
- Воспоставување на соодветен режим на работа на каналите на хидромелиоративниот систем , имајќи ги предвид капацитетот и пропусната моќ на истите
- Редовно одржување на водостопанските објекти (шахти, вентили, пумпи, затварачи и слично)
- Обележување на поплавниот бран во загрозените подрачја низводно од високите брани
- Оперативни планови со мерки за отстранување на последиците при ненадејно рушење на браните
- Технички решенија за уредите за известување и тревожење на населението во загрозените подрачја низводно од браните
- Оперативни планови за заштита и спасување на населението и материјалните добра во загрозените подрачја низводно од високите брани
- Проверка на систем за автоматско јавување за можна поплава и негови поврзување со сите надлежни институции
- Утврдување на безбедносни коти на нивото на водата во акумулациите и разработен начин за празнење во случај на опасност од уривање на браната
- Запознавање на населението за опасностите од појава на поплави и уривање на брани и нивно обучување и оспособување за превземање на мерки и постапки за заштита и евакуација во тие услови
- Обновување и доопремување на метеролошките – радарско противградобијни центри

- Обезбедување и оспособување на стрелци ПГ рекети , резервни делови за постојната опрема радари , возила и слично
- Заштита и спасување на луѓето, животните и материјалните добра од поплавените објекти и ниво згрижување
- Формирање, пополнување, обучување и ангажирање на републичките и регионалните единици за заштита од поплави и тимовите за брз одговор
- Ангажирање на просторните единици за заштита и спасување формирани во единиците на локалната самоуправа и трговските друштва, јавните установи и служби

IX .ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Ако се земе во предвид дека во отежнати услови за живот и работа во услови на природни непогоди истите драстично се зголемуваат, заради заштита на населението и спасување на населението потребно е од страна на сите задолжени субјекти да се презвемат следните мерки и активности :

- Спречување на појавата на масовни заразни заболувања
- Контрола на заболувањата против кои се спроведува задолжителна вакцинација
- Континуиран мониторинг и евалуација на санитарно хигиенската состојба на водоснабдувањето на населението на објектите за водоснабдување и на безбедноста (квалитетот и здравствената исправност) на водата за пиење
- Републичкиот завод за здравствена заштита и дирекцијата за храна , во соработа со јавните комунални претпријатија кои управуваат со објектите за водоснабдување , потребно е да вршат засилена контрола на исправноста и безбедноста на водата за пиење од градските водоводи и превентивна заштита од појава на контаминација на водата за пиење, како и заштита на здравјето на населението
- Следење на санитарно – хигиенската и епидемиолошката состојба
- Редовно одржување на станиците за прифаќање, пречистување и преработка на површински води кои се наменети за вода за пиење и употреба
- Заради превенција, намалување или елиминирање на опасноста од загадување на водите наменети за јавно снабдување на населението, од страна на надлежните органи е поребно да се изврши определување на широка заштитна зона на извориштата и континуиран мониторинг на теренот

- Елиминирање на ризични појави од потенцијални загадувачи со употреба на средства за заштита на растенијата, пестициди во земјоделието и друг земјоделски отпад, диспозиција на каналски отпадни води локации за смет, токсичен отпад и др.)

- Државниот санитарен и здравствен инспекторат во чија надлежност е контролата на пошироките заштитни зони, редовно да вршат контроли на овие површини и да превземаат санитарно хигиенски и против епидемски мерки

- Дирекцијата за храна во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита да ги преземаат сите неопходни мерки и согласно надлежностите , континуирано да ги спроведуваат своите активности со инспекциски контроли врз системите за јавно снабдување на населението со вода за пиење и домашна употреба

- Здравствениот сектор во Република Македонија да обезбеди редовна интезивна заштита на населението и за таа цел , во зависност од потребите може да се развијат и подвижни медицински единици во непосредна близина или на самото место на непогода

Примарана цел во услови на поплави претставува превентивна заштита на населението и на материјалните добра, односно прифаќање, заштита и медицински третман на населението кое останало без основни услови за живот или е повредено и трауматизирано со настанувањето на поплавата.

Во планирањето, организирањето и спроведувањето на мерките и активнстите за права медицинска помош ќе бидат ангажирани републичките единици за заштита и спасување и тимовите за брз одговор, како и просторините сили за заштита и спасување формирани во единиците на локалната самоуправа, месните самоуправи и трговските друштва, јавните установи и служби .

X .ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИТЕ И ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕЛО

Во услови на поплави особено загрозени се животните и производите од животинско потекло при што може да дојде до брзо ширење на повеќе заразни болсети. Исто така, присутни се и зоонозите со размножувањето лесно може да преминат од животните на луѓето.
Заради неповолните услови за одгледување на животните, нивната исхрана отежнато снабдување со вода, несоодветна ветеринарна заштита, заразните болести имаат

екпсанзивен тек на ширење и за кратко време се развиваат во вид на епидемии, со зафаќање на поширок подрачја и региони .

Заради отсранување на опасностите, како и заради намалување или елиминирање на можните последици, потребно е сите задолжени субјекти да превземат мерки и активности во рамките на своите надлежности и делокруг на работење .

Во случај на постоење на опасност од појава на поплава се превземаат превентивни мерки за спречување на настанување и ширење на заразни болести и паразитирани болести и тоа :

- Заштитни вакцинирања
- Дијагностички и други испитувања
- Дезинфекција, дератизација и десинсекција
- Нештетно отстранување на животински лешеви
- Контрола на водата и сточната храна
- Конторла на објектите за смесување на животните
- Контрола на животните во промет
- Контрола на превозните средства за храна и жив добиток
- Дотур на чиста вода и здрава сточна храна
- Лекување на заразените и повредените животни

Исто така ветеринарната управа, ветеринарниот институт ветеринираните станици, сточарските претпријатија, живинарските фарми и индивидуалните сточари треба да вршат континуирана контрола на производството во месната индустрија, прометот и транспортот на добитокот, начинот на чување и складирање на производите од животинско потекло и суровините, а на граничните премини да се врши контрола на меѓународниот промет и транзит .

Покрај експертите од надлежните субјекти, во спроведувањето на мерките за заштита и спасување на животните и производите од животни учествуваат и единиците за заштита и спасување и тимовите за брз одговор, како и просторните сили формирани во единиците на локалната самоуправа.

За ефикасно отстранување на опасностите и сузбивање на можните заразни болести кај животните е потребно посебен акцент да се даде на опремувањето на сите субјекти вклучени во проблематиката на заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло со соодветни материјално – технички средства и опрема .

XI. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈАТА И ПРОИЗВОДИТЕ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Во услови на поплава земјоделските и шумските растенија се изложени на дејства на голем број болести и штетници, кои може да нанесат штети, со значајно намалување на приносите и намалување на квалитетот на земјоделските производи, како намален прираст на дрвната маса, а во одделни случаи да предизвикаат и сушење на шумските насади.

Кај растенијата и производите од растително потекло можна е појава на најразлични болести, кои во зависност на интензитетот и местоположбата може да предизвикаат значителни штети и заради тоа се наметнува потребата од навремено превземање на превентивни и оперативни мерки за нивна заштита од страна на :

- Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство
- Специјализираните институти за земјодеслтво, раноградинарски производи, тутун и слично
- Македонски шуми и нејзините подрачни организациони единици
- Национални паркови
- Земјоделски комбинати и трговски друштва кои стопанисуваат со земјоделски површини
- Единица на локална самоуправа
- Трговски друштва од преработувачка индустрија

Во заштита на растенијата и производите од растително потекло учествуваат и организарините сили за заштита и спасување кои се формирани на регионален принцип и кои ја покриваат целата територија на РМ, но истите во наредниот период треба да се обучат, оспособат и опремат согласно персоналниот и материјалниот состав, со цел да можат успешно и ефикасно да се справат со опасностите и евентуалните последици предизвикани од поплавите .

XII . АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанација на теренот како мерка за заштита и спасување, особено значење има во услови на поплави кога заради нарушување на состојбата и предизвиканите последици постои зголемена опасност од појава на :

- Заразни заболувања кај населението , животните и растенијата
- Голем број на повредени и загинати лица

- Загадување на водата за пиење и употреба
- Присуство и загаденост на територијата од опасни материи
- Нарушување на обезедувањето на здравсвената заштита
- Голем број на угинати животни
- Поплавени објекти
- Појава на урнатини и сл.

Со цел успешно справување со опасностите и последиците предизвикани од поплавите потребно е во асанација на теренот да се ангажираат сите задолжени субјекти кои согласно надлежностите и делокругот на работа имаат обврски за тој план :

- Министерство за здравство
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Единица на локална самоуправа
- Комунални претпријатија
- Јавни установи и служби
- Други органи и институции

Задачите на субјектите во однос на асанацијата на теренот се во директна зависност од видот и обемот на непогодата како и од последиците кои би биле предизвикани, но генерално потребно е да се превземат мерки и активности :

- Спречување на појава на заразни заболувања кај населението, а доколку исите се појават, да се изврши згрижување во здравствените установи
- Откривање, идентификување и погреб на загинати лица на претходно планирани локации за таа намена
- Закоп на сите угинати животни и спалување на растенијата
- Обезбедување на хемиски и бактериолошки исправна вода за пиење
- Деконтаминација на луѓето, објектите, површините и другите материјални добра
- Обезбедување на здравствена заштита и прифат на сите повредени и заболени
- Заштита од поплави и згрижување на лицата од поплавените објекти обезбедување на соодветни услови за живот

- Расчистување на појавените урнатини и транспорт на градежниот материјал до планираните локации за таа намена
- Поправка и санирање на состојбата во однос на електрична мрежа, ПТТ инсталациите, топловодните инсталации и канализациона мрежа
- Други мерки и активности во зависност од состојбата на теренот и потребите за негова асанација

ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКАТА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Р. бр	Активности/ задачи	носител	Време на реализација	Соработка со	прилог
1.	Изготвување на документ за спроведување на мерката заштита и спасување од поплави	ЕЛС Виница, ДЗС-ПОЕЗС Виница	Редовни работни задачи и обврски	-ЕЛС Виница -ВРО Брегалница Кочани -МЗШВ-ПЕ Виница	Прилог бр.1 (задачи на граѓаните, единиците и задолжените субјекти)
2.	Организирање, подготовка, оспособување и опремување на специјални единици за заштита и спасување од поплави	ЕЛС Виница, ДЗС-ПОЕЗС Виница	Редовни работни задачи и обврски	-МО-ПЕ Виница	Прилог бр.2 (Вид и големина на силите за извршување, заштита и спасување од поплави) Прилог бр.3 (Опременост на единиците со опрема и МТС)
3.	Подршка на акциите за	МО Скопје	За време на	ДЗС-ПОЕЗС	